Република Македонија
Министерство за внатрешни работи

[redacted]

Здружение
ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ-МАКЕДОНИЈА
Скопје

ПРИМЕНО:	02.04.2018		
Орг. ед.	Број	Прилог	Вредн.
0302	082	3	1

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

До
Транспаренси Интернешенел Македонија
ул. „Наум Наумовски Борче“

рег. бр. 16.1.2- 828/1

Скопје 26.03. 2018

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер.-
Ваш акт: Број 0302-068 од 19.03.2018 година

Почитувани,

Во однос на Вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ве информираме следново:

1. Поканата за поднесување на понуда во постапка со преговарање Ви ја доставуваме во прилог на овој акт и истата е доставена до 4 (четири) економски оператори :

- Порше Македонија Дооел Скопје
- Мак Аутостар Дооел Скопје
- Делукс-Ауто Дооел Куманово
- М кар Дооел Скопје.

2. Согласно член 142 став 8 од Законот за јавните набавки: **Економските оператори што учествувале** во постапката имаат **право на увид** во извештајот од спроведената постапка и поради тие причини истиот не можеме да Ви го доставиме ниту да Ви дозволиме увид.

3. Доколку под одлука за склучување на договор подразбирате одлука за избор на најповолен понудувач, истата е донесена на 29.09.2017 година и Ви ја доставуваме во прилог.

4. Во прилог на овој акт согласно Вашето барање Ви го доставуваме договорот склучен меѓу МВР и Делукс Ауто Куманово за предметната набавка.

Дополнително Ве известуваме дека при јавно објавување на документи одредени сегменти во истите се отстранети (прикриени) земајќи ги во предвид одредбите од Законот за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011,

Република Македонија
Министерство за внатрешни работи

Сектор за односи со јавноста и протокол

Ул. „Димче Мирчев“ бр. 9 Скопје

Тел: (02) 314 22-31
Факс: (02) 314 25-50

www.mvr.gov.mk

43/2014, 153/2015 и 99/2016) и согласно известувањето од 04.12.2017 година на Бирото за јавни набавки објавено на web страната на електронскиот систем за јавни набавки.

Истовремено Ве известуваме дека набавка од ваков вид е направена и во текот на 2016 година, кога се набавени 25 возила – Шкода Јети за потребите на Одделот за Гранични работи и миграции со слични барања за набавка на дополнителна опрема и услови за сервисно одржување на возилата со финансиски средства добиени од донација од Република Чешка во износ од 38.043.875,00 денари. Набавката е спроведена со постапка со преговарање без претходно објавување на оглас по претходно добиена согласност од Советот за јавни набавки. Видот на постапката и во двата случаеви е согласно одредбите од договорот за донација каде е регулирано дека, финансиските средства треба да бидат искористени конкретно за набавка на патнички моторни возила кои ќе бидат набавени во постапка со преговарање без објавување на оглас согласно член 99 став 1, точка 1, алинеја 3 и став 3 од Законот за јавните набавки и истите не смеат да се користат за плаќање на јавни давачки во Република Македонија.

ПРИЛОГ: Покана за учество во преговарање (1 страна)
Одлука за избор на најповолна понуда (2 страни)
Договор (9 страни)

Со почит,
Изработил: Марија Јаковлеска
Контролирал: Тони Ангеловски
Одобрил: Наталија Спирова

ПОМОШНИК МИНИСТЕР
Јордан Ламаноски